Градежно друштво
ГРАНИТ АД
Бр. 12-2940
28-04-2023 20 год.
СКОПЈЕ

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА СОБРАНИЕ ЗА АКЦИОНЕРИ**

Управниот одбор на ГД Гранит АД Скопје на 14-та редовна седница одржана на 28.04.2023 година, расправајќи за исплата на девиденда на Друштвото, согласно член 490 од Закон за трговските Друштва и член 57 од Статут на Друштвото, ја утврди и му предлага на Собранието да ја усвои следнава

**О Д Л У К А**

за исплата на дивиденда

1. Износот на дивиденда за една акција во бруто износ изнесува 36 денари.
2. Исплатата на дивидендата ќе биде од акумулираните нераспределени добивки остварени до 31.12.2008 година, во бруто износ од 99.727.344 денари.
3. Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2022 година е 14.06.2023 година.
4. Прв датум на тргување без право на дивиденда за 2022 година е 15.06.2023 година.
5. Датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда за 2022 година е 16.06.2023 година.
6. Исплатата на дивиденда ќе се изврши најдоцна до 30.09.2023 година.
7. Акционерите со право на исплата на дивиденда за 2022 година, да се известат за времето и начинот на исплатата на дивидендата.
8. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Согласно член 490 од Закон за трговските Друштва и 57 од Статутот на Друштвото, Управниот одбор го поднесува овој предлог за исплата на дивиденда од акумулираните нераспределни добивки остварени до 31.12.2008 година. На предложениот износ на бруто дивиденда е платен данок на добивка согласно законските прописи во периодот за кој истата се однесува, при што при исплатата на бруто дивидендата ќе се пресмета само дополнително данок на личен доход за акционерите физички лица и задржан данок на добивка за акционерите правни лица – нерезиденти. Акционерите правни лица резиденти на РСМ при исплатата ке го добијат бруто износот на дивиденда по акција согласно бројот на нивните акции кои ги поседуваат на датумот на евиденција.

Претседател на Управен одбор

Градежно друштво ГРАНИТ АД Скопје

Страшо Милковски

Доставено до:

- Собрание на акционери
- Сектор за ПКОР
- Македонска берза
- Архива